УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
GOCE DELCHEV UNIVERSITY IN SHTIP, FACULTY OF LAW
УНИВЕРСИТЕТ ИМ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВА, ЮРИДИЧЕСКИЙ ФАКУЛЬТЕТ

ДЕВЕТТА МЕЃУНАРОДНА
НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА
NINTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE
ДЕВЯТАЯ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

## SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

## СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

З Б О Р Н И К Н А Т Р У Д О В И
-СЕКЦИЈА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ-

P R O C E E D I N G S
-SECTION YOUNG RESEARCHERS-

С Б О Р Н И К М А Т Е Р И А Л О В
-СЕКЦИЯ МОЛОДЫЕ ИССЛЕДОВАТЕЛИ-



Ш Т И П , 2022
SHTIP, 2022

# УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - ШТИП
# ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
## Република Северна Македонија

ДЕВЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## -СЕКЦИЈА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ-



Штип, 2022

GOCE DELCEV UNIVERSITY IN SHTIP
FACULTY OF LAW
Republic of North Macedonia

NINTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

# SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

## PROCEEDINGS

-SECTION YOUNG RESEARCHERS-



Shtip, 2022

УНИВЕРСИТЕТ ИМ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВА
ЮРИДИЧЕСКИЙ ФАКУЛЬТЕТ, ШТИП
Республика С.Македония

ДЕВЯТАЯ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

# СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ
-СЕКЦИЯ МОЛОДЫЕ ИССЛЕДОВАТЕЛИ-



Штип, 2022

Ninth International Scientific Conference SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD
©2022 Copyright Goce Delchev University in Shtip, Republic of North Macedonia:
Adress: Goce Delchev University, Shtip, Faculty of Law,
Ul. Krste Misirkov bb, PO box 201,2000, Shtip, R.N. Macedonia

www.ugd.edu.mk

Печати / Print: 2-ри Август-Штип / 2-ri Avgust-Shtip

Уредници: Јорданка Галева, Милица Шутова, Наташа Донева, Ана Здравева

Технички уредник: Кире Зафиров

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.42:005.44(062)
304-027.511(062)

МЕЃУНАРОДНА конференција “Општествените промени во глобалниот свет” (9 ; 2022 ; Штип)
Деветта Меѓународна конференција “Општествените промени во глобалниот свет” : зборник на трудови : секција на млади истражувачи / [уредници Јорданка Галева ... и др.] = Ninth International scientific conference “Social changes in the global world” : proceedings : section young researchers / [editors Jordanka Galeva ... и др.] = Девятая Международная научная конференция “Социальные изменения в глобальном мире” : сборник материалов / [редакторы Иорданка Галева ... и др.]. - Штип : Универзитет “Гоце Делчев”, Економски факултет ; Stip : University “Goce Delchev”, Faculty of Law : Университет им. “Гоце Делчева”, Юридический факультет, 2022. - 228 стр. : табели ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Други уредници: Милица Шутова, Наташа Донева, Ана Здравева. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-903-6

а) Општествени промени -- Глобализација -- Собири

COBISS.MK-ID 58040581

•All manuscripts were subject of double-blind peer review process.
•No responsibility can be accepted by the publisher or compilers for the accuracy of the information presented. The expressed opinions are of the authors and does not necessarily coincide with views of the Program Committee and the Organizational Committee of the conference
•The UDK numbers for each of the manuscripts are contained in the electronic version of the proceedings, available on: http://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw

## Организациски комитет / Organizational Committee/ Организационный комитет конференции

Jordanka Galeva PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University, Shtip, Republic of North Macedonia, jordanka.galeva@ugd.edu.mk

Milica Sutova PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University, Shtip, Republic of North Macedonia, milica.sutova@ugd.edu.mk

Natasa Doneva LL.M, Faculty of Law, Goce Delchev University, Shtip, Republic of North Macedonia, natasa.doneva@ugd.edu.mk

Ana Zdraveva LL.M, Faculty of Law, Goce Delchev University, Shtip, Republic of North Macedonia, ana.zdraveva@ugd.edu.mk

## Програмски комитет / Program Committee / Программный комитет конференции

1. Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk
2. Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org
3. Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk
4. Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be
5. Angel Ristov, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, angelristov@yahoo.com 6. Anđelija Tasić, Faculty of Law, PhD, University of Niš, andjelija@praf.ni.ac.rs
6. Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk
7. Aleksandra Gruevska Drakulevska, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk
8. Biljana Puleska-Janushevska, PhD, Faculty of Law, American University of Europe, Skopje, biljana.puleska@fon.edu.mk
9. Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk

10. Darko Dimovski, PhD, University of Niš, darko.dimovski@yahoo.com

11. Darko Spasevski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, spasevski_d@yahoo.com

12. Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru

13. Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com

14. Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com

15. Ice Ilijevski, PhD, Faculty of security – Skopje, University St. Kliment Ohridski – Bitola, ilijevski@fb.uklo.edu.mk

16. Zorica Siljanovska, Faculty of Law, American University of Europe, Skopje, zoricasiljanovska@yahoo.com

17. Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk

18. Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr

19. Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk

20. James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com 22.Jasna Bacovska Nedic, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, jasnab2002@yahoo.com

21. Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University "Goce Delcev"- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk

22. Jovan Zafiroski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, j.zafiroski@pf.ukim.edu.mk

23. Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk

24. Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk

25. Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, Poland, maciej.czerwinski@uj.edu.pl

26. Marija Ampovska, PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, marija.ampovska@ugd.edu.mk

27. Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@prafak.prafak.ni.ac.rs 30.Migena Leskoviku Prof. Dr, University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com

28. Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru

29. Nikolai Baranov PhD, Baltic State Technical University Voenmeh, At. Petersburg State University, St. Petersburg, Russia, nicbar@mail.ru

30. Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be

31. Novak Krstić, PhD, Faculty of Law, University of Niš, novak@praf.ni.ac.rs

32. Olga Koshevaliska PhD, University "Goce Delcev"- Shtip, Faculty of Law, Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk

33. Ruzica Simic Banovic, PhD, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr 37. Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, SocioHuman Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@g,ail.com

34. Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University "St. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk

35. Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs

36. Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

37. Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, American University of Ras Al Khaimah, Ras Al Khaimah, UAE, suzana.zdravkovska@aurak.ac.ae

38. Tamara Djurdjic Milosevic, PhD, Faculty of Law, University of Kragujevac, tdjurdjic@jura.kg.ac.rs 43.Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr

39. Tatyana Dronzina, PhD, Professor, Political Science Department, St. Kliment Ohridski University of Sofia, drozina@gmail.com

40. Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr
41. Viktoria Serzhanova, PhD, University of Rzeszow, Faculty of Law and Administration, viktoria@ur.edu.pl
42. Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be
43. Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru
44. Zeynep Ece Unsal, PhD, Istanbul Gelisim University, Faculty of Economics Administrative and Social Sciences - Department of Political Science and International Relations, zeunsal@gelisim.edu.tr

## TABLE OF CONTENTS

**Aneta Boshkovska**
GUARANTEE AS A WAY FOR PROVIDING CONTRACTUAL CLAIMS................ 13

**Natasha Doneva, Ana Zdraveva, Elena Trajkovska**
DE FACTO STATES........................................................................................ 33

**Ana Zdraveva**
LEGAL PROTECTION OF COMPUTER PROGRAMS............................................... 51

**Shkurte Kadri, Tea Lalevska**
THE DEATH AS A LEGAL FACT................................................................... 65

**Giulia Lisdero**
THE EUROPEAN INTEGRATION OF THE WESTERN BALKANS
AND THE EU'S LACK OF COMMITMENT: THE CASE OF THE
UNILATERAL EUROIZATION OF MONTENEGRO AND KOSOVO........................ 79

**Francesca Rita Loi**
WOMAN PIONEER SOCIOLOGICAL ANALYSIS OF
MICRO FACTORS REGARDING THE ROLE OF
MIGRATORY WOMEN FROM EASTERN EUROPE................................................ 89

**Stojanche Masevski**
ENERGY GEOPOLITICS AND INTERNATIONAL RELATIONS............................ 103

**Kristine Neimane**
IMPACT OF THE SUPREME COURT'S CASE -LAW ON
THE REALIZATION OF PROCEDURAL AND
SUBSTANTIVE RIGHTS IN CIVIL PROCEDURE;
SPECIFIC ASPECTS IN LATVIAN CIVIL PROCEDURE......................................... 121

**Ivona Petrushevska**
THE ENERGY CRISIS AND THE USE OF
RENEWABLE ENERGY SOURCES ............................................................ 141

**Driola Susuri**
GUARANTEE AND CONSTITUTIONAL PROTECTION OF
HUMAN RIGHTS AND FREEDOMS IN THE REPUBLIC OF KOSOVO ............... 157

**Jaroslavs Strelcenoks**
LEGAL REGULATION AND THE CONCEPT OF
IMPLEMENTATION ARTIFICIAL INTELLIGENCE IN
RESOLVING A SITUATION OF CONFLICT OF INTEREST IN
THE PUBLIC SECTOR ............................................................................ 167

**Petr Smirnov**
THE NORTH ATLANTIC DIRECTION OF THE REPUBLIC`S OF
NORTH MACEDONIA FOREIGN POLICY ................................................ 187

**Dimitar Spasevski**
HISTORICAL AND LEGAL ANALYSIS OF THE GREEK CIVIL WAR
AND OF THE REFUGEE MOVEMENTS ARISING FROM IT.................................. 201

**Elena Trajkovska**
EU HEALTH POLICIES ............................................................................ 215

UDC: 341.212:321.01
DOI: https://www.doi.org/10.46763/SCGW22033d

Original research paper

# DE FACTO STATES

**LL.M Natasa Doneva**
Teaching Assistant, Faculty of Law, University "Goce Delchev" - Stip
natasa.doneva@ugd.edu.mk
**LL.M Ana Zdraveva**
Teaching Assistant, Faculty of Law, University "Goce Delchev" - Stip
ana.zdraveva@ugd.edu.mk
**Elena Trajkovska**
LL.M, Law Faculty, University of "Goce Delchev" –Shtip
trajkovskae23@yahoo.com

**Abstract:**

De facto states are also known as "unrecognized states", "partially recognized states", and states with limited recognition... They are the target of research, proving facts, debates, and analyses, about the applicability of international rules and segmenting which states can enter the group of de facto states, and which do not.For many, the Montevideo Convention is applicable here, to see the rights and obligations of states. But is there a list of these countries today? Many mention Kosovo, Northern Cyprus, Abkhazia, and South Ossetia, Palestine, Transnistria, Nagorno-Karabakh, Donetsk People's Republic, and Luhansk People's Republic... What is the status of these countries and why do they not yet have international recognition?

***Keywords:*** international recognition, territories, international law

# ДЕ ФАКТО ДРЖАВИ

**Наташа Донева**
Асистент, Правен факултет, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип
natasa.doneva@ugd.edu.mk
**Ана Здравева**
Асистент, Правен факултет, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип
ana.zdraveva@ugd.edu.mk
**М-р, Елена Трајковска**
trajkovskae23@yahoo.com

**Апстракт**
De facto државите се уште познати и како „непризнати држави", „делумно признати држави", држави со спорна егзистенција...Тие се мета на истражување, докажување факти, дебати и анализи, за апликативноста на меѓународните правила и сегментирање кои држави можат да влезат во групата на de facto држави, а кои не...Територии кои сакаат да бидат држави, но ќе уште не се здобиле со независности меѓународна признатост. За многумина овде е апликативна Конвенцијата од Монтевидео, со цел да се видат правата и обврските на државите. Но дали денес постои листа на овие држави? Многумина ги споменуваат Косово, Северен Кипар, Абхазија и Јужна Осетија, Палестина, Транснистрија, Нагорно-Карабах, Народна Република Доњецк и Луганската Народна Република... Каков е статусот на овие држави и зошто уште немаат меѓународно признавање?

***Клучни зборови***: меѓународно признавање, територии, меѓународно право

## 1. Вовед

Живееме во свет каде легитимноста на една држава е една од најесенцијалните фактори за егзистирање и настапување на светската сцена, но некои територии и луѓето кои живеат во нив неисполнувајќи ги условите да бидат правно признаени паѓаат меѓу пукнатините на меѓународниот правно признаен свет. Од Палестина до Сомалиланд до Тајван, има голем број спорни земји кои настанале како резултат на конфликти и не се вклопуваат уредно во воспоставениот глобален поредок. Милиони луѓе живеат на места кои не се општо признати како држави во меѓународниот систем.[1]

Де факто држава се смета за политичка власт која функционира на одредена територија без меѓународно правно признавање. Меѓутоа, де факто државите имаат за цел да добијат признавање од други држави за да се сметаат за легитимни актери во меѓународниот систем.

Внатре во рамките на де факто државите, постои одредена, но сосема разбирлива фрустрација меѓу жителите кои живеат во т.н. не (легитимни)-

[1] Introduction: The Strange Endurance of De Facto States (2018). Retrieved from: https://carnegieendowment.org/2018/12/03/introduction-strange-endurance-of-de-facto-states-pub-77841

држави, со оглед на фактот што стотици илјади луѓе кои се жители на де факто државите ефективно станаа граѓани од втор ред во многу погледи на светско ниво. Тие се борат да прават работи што граѓаните на признаените држави ги земаат здраво за готово: правење банкарски трансфери, патување во странство со признат меѓународен пасош, студирање на странски универзитет.На многу начини, вклучувањето на граѓаните на непризнаените држави во ваквиот тип на активности станува ќе потешко како што светот усвојува нови стандарди и регулативи - трговски правила, банкарски регулативи, биометриски пасоши, Еразмус шема за високо образование - стандарди кои не ги вклучуваат овие територии во непречното инволвирање во ваквите, за признатите држави, многу нормални активности.

Најчесто, де факто државите се карактеризираат со формирање на сепаратистички влади кои вршат монопол со употребата на насилство на дадена територија, но немаат меѓународен правен суверенитет. Тие сликовито ја илустрираат потребата да се гледа политичкиот поредок на други начини, во ќе, освен во суверената државност.

Сходно на претходното, гледајќи ја поголемата слика, де факто државите ни помагаат подобро да го разбереме обезбедувањето на управување во области кои се надвор од државната контрола. Овие политики ги институционализираат алтернативните начини на управување и во некои случаи (како што е Сомалиленд), се покажуваат поефикасни во развојот на административните структури отколку номиналниот територијален суверенитет кој што веќе постои. Во повеќето од овие држави, сепаратистите целосно ја отстрануваат суверената моќ и ги преземаат обврските на владата: тие формираат посебни институции, одржуваат ред, наметнуваат даноци и ја спроведуваат правдата.

Де факто државите исто така го доловуваат динамичниот карактер на сепаратизмот. Со некои исклучоци, сепаратизмот е во т.н. црна кутија: сегашните дела оставаат неизмерени и теоретски, неистражени, голем дел од варијациите во институционалните исходи кои лежат помеѓу неуспешното и успешното разделување и владеење со територии и области без оглед дали постои правен легитимитет да функционира како правен актер на глобално ниво или темели на „раздели, па владеј" принципот.

Имено, во овој труд ќе дадеме осврт во однос на признавањето на државите како субјекти на меѓународното право, како и ќе бидат образложени теориите и доктрините за признавање на државите и нивните влади. Посебен фокус во овој труд се де факто државите и нивниот статус, така што ќе се обидеме да елаборираме и неколку примери на држави кои се борат за меѓународна признатост.

## 2. Теоретски концепти за признавање на државноста

Во рамките на меѓународното право, за една држава да биде признаена како таква, мора да исполнува четири круцијални критериуми: територија, население, капацитет да влегува во меѓународни односи со другите држави и сопствена власт, која ќе владее на својата територија.[2]

А со оглед на тоа дека меѓнароднот право е жива материја отворено за интерпретација, а основните белези на една држава се јасни, оттука државите можат да се поделат на два вида: де јуре – држави кои постојат според правото и де факто - држави кои постојат во реалноста , врз база на тоа дали и кои од карактеристиките на државноста ги поседуваат.

Како што наведува и професорот Маролов: За да може да говореме за постоење на држава правно гледано, а согласно со Конвенцијата на Монтевидео од 1933[3] година мора да се исполнети четири услови[4].

* Најпрвин, секоја држава мора да има население, меѓутоа бројот на население не е пресуден критериум, што значи дека не е утврден минимум број на население за да може една држава да се смета за меѓународно призната. Постојат мноштво на држави со мал број население: Лихтенштајн, Монако, Науру, Тувалу, Сан Марино, а сепак тоа не претставува пречка да бидат признати како субјекти на меѓународното право.
* Втор критериум е територијата, оттука, секоја држава мора да има државна територија, а нејзината големина е ирелевантна во поглед на постоењето на државата. Важно е да е јасна и демаркирана нејзината граница.
* Третиот критериум за една држава да биде меѓуанродно правно призната е да има сопствена влада. И овде, не е битно формата на владата, туку нејзината ефикасност. Од владата се бара да ја овозможи внатрешната сувереност.
* Четвртиот услов, логично поврзан со претходните е капацитетот на државата да влегува во односи со други држави. А ова би значило државите да бидат самостојни при одлучувањето за потпишување на договори со други држави.

Имајќи ги предвид овие суштински елементи на државноста треба да се забележи дека последниот критериум не е од исто значење кога станува збор за емпириската основа на државноста, како привите три критериуми. Но, овој критериум е релевантен за поимот de facto државите. Значењето на ова барање се заснова на фактот дека де факто државите одржуваат односи со субјектите на меѓународната заедница. Поимотна односот е важен во контекст на де факто состојби, бидејќи дури и во отсуството на јасен правен статус, се воспоставуваат

[2] Ker-Lindsay, J. (2018) The stigmatisation of de facto states: disapproval and ‘engagement without recognition’. Ethnopolitics, 17 (5). ISSN 1744-9057

[3] Конвенцијата од Монтевидео: https://www.jus.uio.no/english/services/library/treaties/01/1-02/rights-duties-states.xml (Пристапено на 08.06.2022).

[4] Маролов Д; Меѓународно јавно право, Штип, 2020.

бизниси со овие држави. Се разбира, не сите де факто територијалните единици се успешни во оваа смисла, но одржувањето наваквите односи се суштински атрибут на овие ентитети.

Кога зборуваме за признавањето на државите, ова прашање особено е значајно при создавањето на нови држави, но и при распадот на сложени држави. Постојат две теории во однос на признавањето на државите. Според *конститутивната теорија* актот на признавање од страна на други држави и дава меѓународно – правен карактер на државата која бара признавање. Поради ова новите држави стануваат субјекти на меѓународното право благодарение на волјата на веќе постоечките држави. Според *декларативната теорија*, државата станува субјект на меѓународното право поради фактот дека истата ги исполнува четирите критериуми за државност. Согласно оваа теорија новата држава станува субјект на меѓународното право независно од волјата на другите држави. Во поглед на првата теорија, може да се детектираат одредени слабости на истата. Имено, каква ќе биде ситуацијата, доколку една држава е признаена само од дел од постоечките држави, односно дали има утврдено колкав број на држави треба да ја признаат за истата да може да стане субјект на меѓународното право. Признавањето може да биде дадено де јуре со постоење на формален правен акт, или де факто без постоење на формален правен акт, туку преку воспоставување на економски, политички и културни односи.[5]

Признавањето на владата на една држава не е исто што и признавањето на самата држава. Иако со признавањето на една држава се мисли дека се признава и нејзината влада, што впрочем е и еден од четирите критериуми за државноста, сепак во пракса тоа не мора да е секогаш случај. Постојат примери, каде иако одредена држава е признаена како независна од друга држава, сепак не е призната и официјалната влада на таа држава[6].Па ќе напоменеме три доктрини кои постојат во теоријата, а кои имаат различен пристап кога станува збор за признавањето на владата на една држава. Па така, според Естрадовата доктрина која е воведена триесетите години на дваесеттиот век таканаречена по мексиканскиот министер за надворешни работи Џенаро Естрада, го застапува мислењето дека признавањето на владата е од национален интерес. Овде би ја напомнале и Тобаровата доктрина наречена по министерот на надворепни работи на Еквадор. Според оваа доктрина се дозволува интервенција внатре во државата, во случај кога една влада е дојдена на власт по пат на сила или на начин спротивен на Уставот, па владата која на ваков начин дошла до власт нема да биде призната. И третата Стимсонова доктрина, наречена по државниот секретар на САД Стимсон кој го презентира ставот дека новата влада нема да биде призната која има нелегална фактичка контрола.[7]

[5] Ибид.
[6] Како на пример признавањето на Либија од страна на Франција, која до 2011 година одбиваше да ја признае официјалната власт во Либија.
[7] Маролов Д; Меѓународно јавно право, Штип, 2020.

Една де факто држава се обидува да покаже дека ги задоволува барањата вградени во Конвенцијата од Монтевидео, односно традиционалните критериуми за државноста. Де факто државата се обидува и да влезе во односи со членовите на меѓународната зедница и ова го преставува изразувањето на субјективната волја. Сите критериуми кои ги предвидува Конвенцијата од Монтевидео се однесуваат на барања засновани на фактичката состојба, па државноста е прашање на факт, а не од законот. Де факто државите постојат како фактички независни држави, но како такви не се признати од страна на поголемиот дел од други држави или меѓународни заедници.

## 3. Де факто држави

Де факто државите се сметаат за политички субјекти кои поседуваат контрола на територија, но немаат меѓународно признавање. Се чини дека ваквите субјекти на повеќе начини ја нарушуваат нормата за фиксирање на границите и принципот на територијален интигритет. Самото постоење на овие де факто држави се чини дека претставува трн во окото на современиот државен систем како целина.[8]

Но, иако de facto државите како група можеби не се дел од клубот на воспоставените држави, постои голема варијација во начинот на кој поединечните de facto држави функционираат на меѓународната сцена. Стигматизацијата што ја трпат е далеку од изедначена. Исто така, постои голема варијација во опсегот и степенот на интеракција што ја уживаат со земјите-членки на ОН кои не ги признале. Некои, како што е Косово, не само што успеаја да обезбедат значително признавање, (приближно 110 земји од почетокот на 2018 година) туку разви значителна интеракција со членките на ОН кои не ја признаваат. Навистина, според мислењето на многумина, таа ефективно постигна целосна државност, иако не постигна членство во ОН. За разлика од Косово, истовремено имаме ситуација, други држави, како што се Абхазија[9] и „Турската Република Северен Кипар" (Северен Кипар, како што е попознато колоквијално), имаат многу мала меѓународна интеракција. Ниту еден од нив не е член на некоја голема меѓународна организација, ниту има широк политички, економски или културен ангажман со други држави.

De facto државите сè почесто стануваат интересна тема за научниците и политичките креатори. Сметани како аномалија во меѓународниот систем, нивната зголемена распространетост покренува сериозни прашања. Се поставува прашањето, каква надеж имаат овие територии да бидат легитимизирани во иднина? Исто така, вреди да се напомене дека и самата природа на меѓународниот систем сега се менува. Меѓународниот систем фокусиран, речиси, исклучиво на признатите постоечки држави започна брзо да исчезнува, со оглед на тоа

[8] https://www.ponarseurasia.org/de-facto-states-unbound/#:~:text=De%20facto%20states%20are%20political,territorial%20integrity%20in%20multiple%20ways. (консултирано на ден 28.05.2022).
[9] De facto независна република во состав на Грузија.

што се креирани секакви тела, организации и компании кои комуницираат и настапуваат на светската сцена. Во оваа смисла, de facto државите можат да откријат начини како самите да најдат место во меѓународната заедница која се развива и шири.[10] Од крајот на Втората светска војна, дојде до суштинска промена во начинот на кој меѓународната заедница реагираше на отцепувањето и de facto државноста. Додека во деветнаесеттиот век ваквиот тип на држави беа прифатени како независни доколку беа во можност да ги обезбедат условите за објективна државност, втората половина на дваесеттиот век беше сведок на отфрлање на едностраното отцепување и се јави пракса на широко распространето одбивање да се прифати легализацијата на de facto државност. Иако позициите за прашањето за еднострано отцепување и de facto државност се зацврстија во изминатите седумдесет години, недостатокот на формално признавање не го исклучува меѓународниот ангажман со de facto државите.

Во суштина државите стравуваат дека со потенцијалните отцепувања ќе дојде и до промена на границите и мапата, што на многумина не им одговара. „Сепаратистички" идеи и тенденции постојат речиси во секоја држава. Каталонија, Баскија, Андазузија-со тенденции за одвојување од Шпанија. Баварија со идентични аспирации за одвојување од Германија. Венеција со децениските идеии за етаблирање како град-држава, независно од Италија. Реонот на Бордо во Франција со идентична приказна.Се поставува прашањето што ќе се случи доколку ваквите сценарија се реализираат? И дали воопшто во некоја држава, тоа би поминало на мирен начин?

Имајќи предвид дека овие „де факто"држави се суштински спротивставени на меѓународната заедница и стигматизирани, сепак има висок степен на изразена отвореност на државите во однос на тоа како тие сакаат да комуницираат со нив доколку сакаат, со што природно се поставува прашањето зошто државите се чини дека се повеќе подготвени да комуницираат со некои de facto држави, наместо со други. При подетално испитување, три широки групи на фактори кои придонесуваат ќе се појави да ја обликуваат одлуката, и тоа:

- Системски фактори

Во прв степен, политиките кон de facto државите првенствено се обликувани од поширокотe норми и политики на меѓународната заедница кон отцепување. Од нив, единствениот најважен фактор што ја обликува меѓународната интеракција со de facto држава се чини дека е постоењето на резолуција на Советот за безбедност на ОН со која се осудува едностраното прогласување независност и се повикуваат државите да не го признаат. Иако таквиот чин првенствено е наменет да се обиде да го спречи признавањето, тој исто така може да има голема улога во задушувањето на другите форми на интеракција.[11]

[10] Ker-Lindsay, J., (2022), De Facto States in the 21st Century.

[11] Ова најјасно се виде во случајот со „Турската Република Северен Кипар" (ТРСК). Дополнително на Резолуцијата 541, која ги повика: „сите држави да не признаваат ниту една кипарска држава освен Република Кипар", Советот, дополнително, ја донесе и Резолуцијата 550 (1983) и ги

- Контекстуални фактори

Вториот сет на фактори кои се чини дека влијаат на начинот на кој земјите комуницираат со de facto државите се однесуваат на спецификите на конфликтот кој постои и за кој станува збор. Како што веќе беше истакнато, чинот на еднострано прогласување независност е самиот извор на de facto стигматизација на државата. Единствен исклучок од ова е Косово. Многу од државите кои ја поддржаа нејзината државност ги посочија грубите човекови права што ги вршеше Србија во текот на 1990-тите како оправдување за тоа. Сепак, тоа ваквата праса не се гледа во други случаи. Додека Грузија беше обвинета од страна на Европската унија дека ја забрзала кризата што доведе до руска воена интервенција во 2008 година[12]резултираше со исходот да не доведе до широко распространето признавање на Абхазија и Грузија .

Можеби најзначајниот контекстуален фактор кој го обликува ангажманот без признавање е степенот до кој матичната држава е подготвена да прифати интеракција помеѓу територијата што се отцепува и третите земји. Одамна е признаено дека пошироките ставови на матичната држава кон de facto државата може да имаат важен ефект врз начинот на кој државите од трета страна ќе комуницираат со de facto државата (Lauterpacht 1947). На пример, иако Србија инсистира дека никогаш нема да го признае Косово и одржува активна политика на обид да ги спречи државите да го признаат[13] таа одамна престана да презема казнени чекори против земјите што го признаваат Косово. Дополнително, како резултат на дијалогот со ЕУ, Белград сега има чести високо ниво на контакти со Приштина и српските официјални лица често се среќаваат со косовските официјални претставници, формално, а и неформално. Овие контакти вклучија дури и средби меѓу двајцата министри за надворешни работи. Ова сега значи дека другите држави кои не го признаваат Косово се чувствуваат релативно удобно во интеракција со косовските претставници, вклучително и министерот за надворешни работи.

- Националните фактори

Како и системските фактори и контекстуалните фактори кои ги обликуваат процесите на стигматизација и ангажирање без признавање, важно влијание врз интеракцијата имаат и домашните политички фактори во една држава. Најочигледно, клучен фактор е дали една држава се соочува со тековен сопствен сецесионистички спор. Онаму каде што се гледа дека постои силна внатрешна закана за територијалниот интегритет на една држава, може да се очекува да се види поизразена неподготвеност за ангажирање со дадената de facto држава. Особено очигледен пример за ова може да се види во случајот со ставот на

повикуваше државите „да не го олеснуваат или на кој било начин да му помагаат на споменатиот сецесионистички ентитет".

12 Georgia 'started unjustified war'', BBC News, 30 September 2009.

13 Ker-Lindsay, J. (2012). The Foreign Policy of Counter Secession: Preventing the Recognition of Contested States.

Шпанија кон Косово, кој станува сè потврдокорен додека Каталонија станува сè погласна во продолжувањето на отцепувањето[14]. Друг домашен фактор што треба да се земе предвид се специфичните врски што може да постојат или помеѓу држава и de facto држава или меѓу држава и матична држава. Онаму каде што формалното признавање не е можно, сè уште може да има ангажман. На пример, Азербејџан одржува блиски врски со Северен Кипар. Во 2005 година, тој дури дозволи патнички авион на Северен Кипар да се лета директно во Баку, спротивно на меѓународната забрана за такви летови.[15] Спротивно на тоа, одредени држави можеби не сакаат да комуницираат со de facto држава врз основа на нејзиниот однос со матичната држава. На пример, одбивањето на Босна и Херцеговина да го признае Косово е резултат на противењето на Република Српска, да дозволи таков потег.[16] Исто така, религиозните врски може да се покажат значајни. На пример, Косово успеа да добие значително признавање и легитимизација меѓу членките на Организацијата за исламска соработка. Но ваквиот чин не е конечен кај сите исламски држави, со оглед на фактот дека одредени исламски држави, особено Иран, цврсто одбиваат да комуницираат со Косово или со Турската Република на Северен Кипар, гледајќи ги како западен проект.

## 4. Студија на случај – де факто држави

Во прилог накратко ќе елаборираме неколку примери за државите кои се „обидуваат да се стекнат со меѓународна признатост", а се уште се борат со мноштвото факти и докази за нивно отфрлање. Дел од нив се познати на јавноста, дел се "држави" за кои ретко кои има слушнато.

### *4.1 Народна Република Доњецк и Народна Република Луганск*




Народна Република Доњецк заедно со Луганската Народна Република се двете отцепени држави во регионот Донбас (Источна Украина).Главен град е Доњецк. Нормално Украина не ги признава овие територии како држави. Напротив за нив се осврнува како територии контролирани од сепаратисти

[14] Ferrero-Turrión, R., (2020), Spain: Kosovo's Strongest Opponent in Europe.
[15] Turkish Cypriot jet flies to Baku', BBC News, 29 August 2005.
[16] Bosnia won't even consider recognizing Kosovo", Tanjug, 27 September 2017.

и привремено окупирани територии на Украина. Оваа состојба, како што ја класифицираат тие, е резулатат на руската воена интервенција (Заедно со Крим и Севастопол). Во 2022 година Русија ја призна независноста на овие држави. Заедно со неа овие држави ги признаа и: Куба, Венецуела, Никарагва и Сирија. Во главниот град на Доњецк доминантна е статуата на Владмир Ленин[17].

### *4.2 Косово*



Република Косово е еднострано прогласена држава на територијата на Република Србија и делумно признаена држава на Балканот. Тоа е спорна територија во однос на косовските власти и Србија. Владата на Република Косово има де факто власт над големиот дел од територијата на Косово, додека Северно Косово, најголемата енклава на Косовските Срби, е под власт на институциите на Република Србија. Косово е предмет на спор помеѓу српската влада и албанското мнозинско население во покраината. Резолуцијата на ОН 1244[18], вели Косово е дел од Србија, но по НАТО бомбардирањето на Југославија (1999) е управувано од ОН, како меѓународен протекторат, со воената заштита на КФОР[19] (силите на НАТО).

### *4.3 Турска Република Северен Кипар*



Кога се споменува Кипар, првата асоцијација е поделена држава на два ентитета, поделен остров, со само еден дел, како членка на Европската Унија... крајно невообичаено решение. Кипар е држава која се живееше во константно ривалство меѓу кипарските Грци и кипарските Турци. Уставот од 1960 година беше многу пати ревидиран, но и покрај напорите и

[17] Владимир Илич Ленин-руски револуционер, водач на болшевиците и прв премиер на Советска Русија.

[18] Резолуција 1244; Достапна на: https://peacemaker.un.org/sites/peacemaker.un.org/files/990610_SCR1244%281999%29.pdf (Пристапено на: 13.06.2022).

[19] КФОР- Вооружени меѓународни мировни сили под водство на НАТО, чија главна задача е зачувување на редот и мирот во областа на Косово и Метохија.

ангажманот на меѓународната заедница, тензичната политичка ситуација остана грда реалност. За многумина, станува збор за октроиран Устав, кој, основата ја влече од Циришко - Лондонскиот договор[20] (дополнително „збогатен” со The Treaty of Establishment[21]и The Treaty of Guarantee[22]). Од надвор креираната уставна творба не издража долго, брзо се наметна потребата од промени, меѓу кои, најголемо внимание привлекоа 13-те уставни амандмани на претседателот Макариос, како и заложбите на ОН, преточени во фамозниот „Кофи Анан план.1959/1960 се клучните години за Кипар. Имено, на конференцијата во Женева, е донесена одлука Кипар да добие независност и да се донесе првиот кипарски устав, со чии решенија се цели да се постигне соживот меѓу двете заедници.

Според Уставот[23], Кипар е независна, суверена држава, со претседателски систем на организација на власта. Претседателот се избира од редот на Кипарските Грци, а потпретседателот, од редот на Кипарските Турци. Законодавното тело се состои од 70% Грчки Кипарци (избрани од грчките кипарци) и 30% Турски Кипарци (избрани од Турските Кипарци). Во рамките на кипарската армија, соодносот на заедниците бил: 60:40 % (Грчки:Турски Кипарци).

Турската страна, во 1974 година врши инвазија на островот, која се трансформира во окупација на околу 37% од територијата. Во меѓувреме, доаѓа до повторен државен удар на грчката и кипарската хунта, со што, Макариос повторно се враќа на власт во Кипар. Оваа сценарио завршува со поделба на островот со т.н „зелена линија”[24] која минува и низ главниот град Никозија (види слика 2). Во 1983 година, Кипарските Турци прогласиле своја држава, под името Турска Република Северен Кипар[25].Истата денеска е призната само од Република Турција, додека за меѓународната заедница оваа де факто држава е дел од Кипар.

[20] Циришко-Лондонскиот договор за Кипарското прашање, достапен на: https://www.embargoed.org/wp-content/uploads/2018/02/1959_London_and_Zurich_-Agreements.pdf ; Пристапено на 23.02.2021.
[21] Treaty of Esteblishment, Достапни на: https://www.mfa.gr/images/docs/kypriako/treaty_of_establishment.pdf ; Пристапено на 23.02.2021.
[22] Treaty Guarantee, Достапно на: https://peacemaker.un.org/sites/peacemaker.un.org/files/CY%20GR%20TR_600816_Treaty%20of%20Guarantee.pdf ; Пристапено на 23.02.2021.
[23] Cyprus Constitution available at: https://www.constituteproject.org/constitution/Cyprus_2013.pdf?lang=en (Accessed on 14.02.2022).
[24] Истата е под контрола на ОН.
[25] Турска Република Северен Кипар е призната само од Република Турција.

### *4.4 Јужна Осетија и Абхазија*





Абхазија е de facto држава која за дел од експертската јавност е всушност дел од Грузија, за останатите е автономна република во рамките на Грузија. Само пет од сто деведесет и три членки на ОН[26] ја имаат признато Абхазија како држава. Иако Грузија нема контрола на Абхазија, поголемиот дел од меѓународната сцена ја сметаат грузиската влада за официјална влада „во сенка".Регионот на Абхазија своја автономија имал и во времето на Советскиот сојуз (кога Грузија беше во СССР). Тензиите во Абхазија кулминирале со познатата Абхазиска воја (1992-1993), во која Грузија ја изгубила контролата над Абхазија, а воедно имало и етничко чистење на грузијците од тој регион.

Истата ситуација е и со Јужна Осетија-самопрогласена Република[27] која за речиси целокупната меѓународна заедница е дел од Грузија. Грузија не само што не ја признава Јужна Осетија како независна, туку воопшто не го ни користи тој назив, туку се обраќа со името **„Самачабло".**

Во 1990 година парламентот на Јужна Осетија прогласува Република Јужна Осетија, неколку месеци подоцна Врховниот Совет на Грузиската ССР донел решение за укинување на осетиската автономија. Од тогаш започнуваат вооружени судири, бегалска криза, како и инволвирање на козаците[28].

[26] Држави кои ја имаат признаено Абхазија како независна држава се: Русија, Венецуела, Никарагва, Науру и Сирија.
[27] Независност на Јужна Осетија е призната само од Русија и Никарагва и Венецуела.
[28] Козаците се заедница на луѓе кои главно се населени во Русија и Украина. Ги прати епитетот на големи воини.




**Слика број 1: Мапа на локацијата на Абхазија и Јужна Осетија**[29]

### *4.5 Транснистрија-Приднестарска Молдавска Република*




**The secondary national flag of Transnistria**
**(Второто национално знаме на Транснистрија-2017)**

Молдавија прогласила независност во 1991 година како резултат од распадот на Советскиот Сојуз,притоа задржувајќи ги истите граници од дотогашната Молдавска Советска Социјалистичка Република. Областа Приднестровие пак мнозински е населена со Руси и Украинци, но преку референдум во 1990 година изгласа независност од Молдавија и сојуз со Русија. Молдавија после распадот на СССР, веќе била меѓународно призната, но регионот Приднестровие, кој се наоѓа на источниот дел од коритото на реката Днестар, од 1990 година па наваму е управуван од дефакто своја влада. Затоа денеска најчесто е гледана како автономна покраина на Молдавија, а не како независна држава. На сликата бр.2 Може да се виде мапата и локацијата на Транснистрија и Молдавија.

[29] Извор на сликата: https://telma.com.mk/2022/05/14/gruzija-nema-da-go-priznae-referendumot-za-soedinuvanje-na-juzhna-osetija-so-rusija/




**Слика број 2: Мапа на локацијата на Транснистрија[30]**

Три бројни етнички групи: Молдавци (32%), Руси (31%) и Украинци (29%) го сочинуваат населението во Транснистрија.

Во суштина очигледна е блиската врска и конекција помеѓу Транснистрија и Русија. Името на оваа територија на руски се нарекува Приднестровие, па нејзиното целосно име е Приднестарска Молдавска Република. Од друга страна како што е прикажано и на сликата погоре, од 2017 година Транснистрија усвои ново знаме, кое е во суштина руското знаме.

### *4.6 Нагорно Карабах*



Нагорно-Карабах или Горен Карабах е независна де факто држава во Јужен Кавказ. Истиот има повеќе називи: рускиот назив е Нагорни Карабах / ерменскиот назив е Арцах / азербејџанскиот назив е Карабах. Веќе низа години како реонот е главен спор помеѓу Ерменија и Азербејџан (види слика бр.3). Меѓунродно е признат како дел од Азербејџан, иако областа фактички ја владее владата на република Арткаш (Нагорно-Карабашката Република). Првата Нагорно Карабашка војна (1988-1994) е водена помеѓу етничките Ерменци, поддржани од Ерменија и Азербејџан. По завршувањето на војната, мировни преговори меѓу двете земји

[30] Сликата е превземена од: https://www.researchgate.net/figure/Map-of-Moldova-with-Transnistria-y-Gagauzia-marked-see-online-version-for-colours_fig5_326333403

се водат благодарение и на медијацијата од страна на OSCE Minsk Group[31]. Но во 2020 година нова воја повторно избувна во овој регион[32]. Оваа нова криза, заврши со Договорот за прекин на огнот[33] во Нагорно-Карабах од 2020 година. Станува збор за договор за примирје што стави крај на војната во Нагорно-Карабах во 2020 година. Тој беше потпишан од претседателот на Азербејџан Илхам Алиев, премиерот на Ерменија Никол Пашињан и претседателот на Русија Владимир Путин.




**Слика број 3: Мапа на областа Нагорно Карабах[34]**

Во суштина државите стравуваат дека со потенцијалните отцепувања ќе дојде и до промена на границите и мапата, што на многумина не им одговара. „Сепаратистички” идеи и тенденции постојат речиси во секоја држава. Каталонија, Баскија, Андалузија-со тенденции за одвојување од Шпанија. Баварија со идентични аспирации за одвојување од Германија. Венеција со децениските идеи за етаблирање како град-држава, независно од Италија. Реонот на Бордо во Франција со идентична приказна...Се поставува прашањето што ќе се случи доколку ваквите сценарија се реализираат? И дали воопшто во некоја држава, тоа би поминало на мирен начин? Доколку тоа се случи, дали и овие нови “отцепувања” би се етикетирале како де факто држави? Темата е комплексна и е потребна детална анализа од повеќе аспекти. Тука се навлегува во прашањата за самопределување, но и за сувереноста на државите.Секако овде е и прашањето на т.н држава заштитничка (Кај т.н де факто држави речиси секогаш се јавува трета сила која ги штити). Така Русија е еден вид протектор

[31] Минск групата на ОБСЕ создадена во 1992 година од Конференцијата за безбедност и соработка во Европа (КЕБС), сега Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), за да поттикне мирно, преговарачко решение на конфликтот меѓу Азербејџан и Ерменија во врска со областа на Нагорно-Карабах.

[32] https://www.aljazeera.com/news/2020/9/27/heavy-fighting-erupts-in-disputed-nagorno-karabakh-region

[33] https://www.gulftoday.ae/news/2020/11/10/armenia-azerbaijan-and-russia-sign-nagorno-karabakh-peace-deal

[34] Извор на сликата: https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/b/b4/Location_Nagorno-Karabakh2.png

на Абхазија, Јужна Осетија, Народна Република Доњецк, Луганската Народна Република, Транснистрија... Турција пак е заштитник на Северен Кипар.

За некои автори пример Нагорно Карабах и Јужна Осетија иако имаат елементи на де факто држави, во поглед во нивната економија, безбедност, граѓанските документи, се повеќе се меѓународно изолирани а повеќе се интегрирани во Ерменија и Русија[35].

**Заклучок**

Иако, концептот на де факто државност е лесно сфатлив, сепак постојат потешкотии да се дефинира кои територии се квалификуваат како де факто држави, а особено да се воспостави една дефинитивна листа. Во трудот, преку примери ги елабориравме де факто државите кои се борат за меѓународна признатост и нивниот статус.

Голем број на политички држави прогласија независност и имаат побарано дипломатско признавање од меѓународната заедница како де јуре суверени држави, но не беа универзално признати како такви. Овие ентитети често имаат де факто контрола на нивната територија, а голем број на вакви субјекти постоеле и во минатото.

Постојат две традиционални теории кои се користат за да се укаже како настанала де јуре суверена држава. Декларативната теорија ја дефинира државата како субјект во меѓународното право доколку ги исполнува четиритите критериуми на државност, согласно и Коневенцијата од Монтевидео. Според оваа теорија државноста на еден ентитет е независна од волјата за признавање од други држави. Спротивно на тоа, конститутивната теорија ја дефинира државата како субјект на меѓународното право само ако таа е призната како таква од други држави кои се вече членки на меѓународната заедница. Де факто државите честопати се повикуваат на едната или на двете доктрини со цел да ги легитимизираат своите барања за државност. Постојат, ентитети кои ги исполнуваат декларативните критериуми, но чијашто државност не е призната од ниту една друга држава. Непризнавањето често е резултат на конфликти со други земји кои тврдат дека тие ентите се составен дел на нивната територија. Во други случаи, две или повеќе делумно признати држави може да бараат иста територијална облст, при што секоја од нив де факто има контрола врз дел од неа.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**

**Користена литература на латиница:**

1. De Wall T; ***Cyprus: In Europe, In Limbo*** in Return to Uncertain Ground: Engaging With Europe's the De Facto States and Breakaway Territories; Carnegie Europe; 2018.

[35] De Wall T; Cyprus: In Europe, In Limbo in Return to Uncertain Ground: Engaging With Europe's the De Facto States and Breakaway Territories; Carnegie Europe; 2018.

2. De Wall T; ***Abkhazia: Stable Isolation***; in Return to Uncertain Ground: Engaging With Europe's the De Facto States and Breakaway Territories; Carnegie Europe; 2018.
3. De Wall T;***Eastern Ukraine: Different Dynamics*** in Return to Uncertain Ground: Engaging With Europe's De Facto States and Breakaway Territories; Carnegie Europe; 2018.
4. De Wall T; ***Introduction: The Strange Endurance of De Facto States*** in Return to Uncertain Ground: Engaging With Europe's De Facto States and Breakaway Territories; Carnegie Europe; 2018.
5. Griffiths R; ***Secession and the Sovereignty Game: Strategy and Tactics for Aspiring Nations;*** Cornell University Press.
6. Florea A; ***De Facto States: Survival and Disappearance (1945–2011);*** International Studies Quarterly (2017) 61, 337–351.
7. Ker-Lindsay, J; ***De Facto States in the 21st Century***, 2022.
8. Ker-Lindsay, J; ***The Foreign Policy of Counter Secession: Preventing the Recognition of Contested States,***2012.
9. Ker-Lindsay, James; ***The stigmatisation of de facto states: disapproval and 'engagement without recognition'.*** Ethnopolitics, 17 (5). ISSN 1744-9057; 2018
10. De Facto States Research Unit; Available at: https://defactostates.ut.ee/home-0.

**Користена литература на кирилица:**
1. Маролов Д; Меѓународно јавно право; Медиа принт плус.
2. Маролов Д; Борба за опстанк или експанзија (студија на случај на конфликт помеѓу голема сила и мала држава); Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, 2021.
3. Обрадовиќ, Лавранос; Меѓусебното влијание на правото на ЕУ и националното право; Просветно дело, Скопје, 2009.

**Консултирани web сајтови:**
1. Република Молдавија: Еден век поделеност; https://www.dw.com/mk/%D1%80%D0%B5%D0%BF%D1%83%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D0%BC%D0%BE%D0%BB%D0%B4%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B5%D0%B4%D0%B5%D0%BD-%D0%B2%D0%B5%D0%BA-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82/a-43149850
2. Украина предупредува од активирање на руските трупи во Транснистрија; https://www.dw.com/mk/%D1%83%D0%BA%D1%80%D0%B0%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D1%83%D0%B2%D0%B0-%D0%BE%D0%B4-

%D0%B0%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D1%80%D1%83%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%82%D1%80%D1%83%D0%BF%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BD%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0/a-61602248

3. De Facto States Unbound; https://www.ponarseurasia.org/de-facto-states-unbound/#:~:text=De%20facto%20states%20are%20political,territorial%20integrity%20in%20multiple%20ways
4. Georgia 'started unjustified war'; http://news.bbc.co.uk/1/hi/world/europe/8281990.stm
5. Donetsk and Luhansk: What you should know about the 'republics'; https://www.aljazeera.com/news/2022/2/22/what-are-donetsk-and-luhansk-ukraines-separatist-statelets
6. Russian Recognition Of Donetsk And Luhansk: Legal Analysis; https://www.humanrightspulse.com/mastercontentblog/russian-recognition-of-donetsk-and-luhansk-legal-analysis
7. Turkey's Win-Win Strategy in the Nagorno-Karabakh Conflict; https://besacenter.org/turkey-nagorno-karabakh-strategy/
8. Fighting erupts between Armenia, Azerbaijan over disputed region; https://www.aljazeera.com/news/2020/9/27/heavy-fighting-erupts-in-disputed-nagorno-karabakh-region
9. Azerbaijan, Armenia sign peace deal to end conflict; https://www.gulftoday.ae/news/2020/11/10/armenia-azerbaijan-and-russia-sign-nagorno-karabakh-peace-deal
10. Resolution1244; https://peacemaker.un.org/sites/peacemaker.un.org/files/990610_SCR1244%281999%29.pdf
11. Introduction: The Strange Endurance of De Facto States (2018). https://carnegieendowment.org/2018/12/03/introduction-strange-endurance-of-de-facto-states-pub-77841